Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Радовиш
Број 04-871/8 од 30.11.2020 година

Врз основа на член 212 став од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) и член 20 – г и 20 - д од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) и член 22 став 1, точка 9 од Статутот на Установата и Согласност број 18-6792/2 од 30.10.2020 од Министерство за фининаии, В.Д Директорот на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш на ден 30.11.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за вршење избор на кандидати по пат на јавен оглас

Врз основа на огласот 1/2020 година, а заверен под број 04-871/2 од 10.11.2020 година на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш за работно место систем оператор за внес-помошно стручен службеник од второ ниво за потребите на ЈУМЦСР Радовиш- 1 (еден) извршител, врз основа на Предлог ранг листата број 04-871/7 од 26.11.2020 година го избира следниот кандидат:

1. Сузана Накова – систем оператор за внес-помошно стручен службеник од второ ниво , СО030303Б02013.

Врз основа на член 212 став 18 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) по конечноста на одлуката за изборот, В.Д Директорот ќе склучи договор за вработување со избраниот кандидат.

Оваа одлука влегува на сила на денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на јавен оглас 1/2020 заверен под број 04-871/2 од 10.11.2020 година на Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, а кој беше објавен на ден 13.11.2020 година во 2 (два) дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат сужбен јазик различен од македонскиот јазик согласно член 212 став 17 од Законот за социјална заштита за избор на кандидати 1 (еден) извршител за работно место систем оператор за внес-помошно стручен службеник од второ ниво и се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот.

Изработил:
Александар Филев
правник

Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Радовиш
В.Д Директор
Драги Димитриев

